И. МИКУЛЧИЌ

# ЗА МЕСТОПОЛОЖБАТА НА АНТИЧКОТО СКОПЈЕ

За античкиот град Скупи, а и за остатоците на средновековното Скопје, досега е пишувано во повеќе наврати — во стручн и популарни прикази, студии, водичи. Денес веќе знаеме ка точно се наоѓал градот во претходните векови, знаеме за обем на градот во одделни епохи, за неговите преселувања на нови ме та. Меѓутоа, како во некој маѓепсан круг, во нашата стручна популарна литература и преку другите средства за информира постојано се повторуваат истите стари грешки на кои сакам укажам на ова место, се додаваат дури и нови неточности, без малку критичност и одговорност за она што се пишува. Се чи како малку кој вистински да се интересира каде стоело и ка изгледало Скопје во најраните епохи.

Причините за ова се повеќестрани. Пред сè не се корист податоците од новите истражувања ниту се следат овие истр жувачки зафати. Потоа, како по инерција, речиси сите истори графи на Скопје[1]) ја повторувале следнава грешка. Имено, уш пред еден век големиот англиски научник Еванс направил пр топографска скица на наодите од Скупи.[2]) Тој се посомневал де по големиот земјотрес од 518 година градот бил обновен на ст рото место и помислил дека средновековната тврдина Кале всушност новиот град Скупи изграден под Јустинијан.[3]) Со о Еванс го поврзал и проблемот на Justiniana Prima, фамозно а хиепископско седиште и престолнина на целата префектура Ил рик, град за чие што откривање сонуваат сите што се занимава

---

[1]) Ђ. Трухелка, Археол. белешке из Ј. Србије, ГСНД V/2, Скопје, 1929, 84; — Вулић, Јустинијана Прима, ГСНД V, 69 и д.; — истиот, во Глас СКА CLV, Беогр 1933, 59, 62; — Ј. Хаџи-Васиљевић, Скопје и његова околина, Београд 1930, 128; Р. Грујић, Скопска Митрополија, Споменица правосл. храма Св. Богородице, Ско 1935, 11, 12; — К. Петров, Најстари делови на Скопското Кале, Гласник на ИНИ II/1, Скопје 1958, 229—236; — А. Николовски — К. Балабанов — Д. Ќорнаков, С меници на културата во Н. Р. Македонија, Скопје 1961, 9; — Ж. Винчиќ, Скопска тврдина Кале, Културно наследство кн. III, св. IX, 1966, Скопје 36 и д.

[2]) A. J Evans, Antiquarian Researches in Illyricum III—IV, Archaeology V 49/1, London 1885, 82—146.

[3]) Истиот, н. д., 134 и д.

со доцноантички Балкан. А оние што пишувале по Еванса, автоматски ја прифаќале претпоставката како факт, без да побараат материјални докази за ова.

Во меѓувреме, изведени се многу опсежни и студиозни археолошки ископувања на тврдината Кале (1967 година) со кои дефинитивно е утврдено дека не постои јустинијанска фаза на тоа место. За жал, досега од неоправдани причини не е овозможено обемната документација и археолошкиот материјал што се добиени од овие истражувања да бидат обработени и интерпретирани во целост и со заслужена тежина. Низа нови моменти од последните 1000 години од историјата на Скопје сè уште се кријат од јавноста.[4]) Се појавил само претходен извештај за овие ископувања[5]), една прелиминарна скица за историјатот на скопското Кале базирана делумно на овие нови наоди[6]), еден помал приказ на најстарите делови на средновековната тврдина-град.[7]) И во мојата студија за топографијата на Скупи укажав на новата хронологија на скопското Кале.[8]) Сепак, старата грешка се повторува и во најново време,[9]) а новите податоци уште не се користат.

Слична грешка, само можеби помала, правена е и со лоцирањето на римскиот град Скупи. Макар што уште Еванс му ја определил точната положба,[10]) подоцнежните автори, речиси сите оние што се допирале до прашањето на Скупи, го барале градот на многу поширок терен: почнувајќи од с. Злокуќани, па преку устието на Лепенец во Вардар до с. Бардовци и во други насоки. Има дури и такви „екстремни" пишувања во кои римското (и дарданското!) Скупи се сместени на средновековната тврдина Кале и нејзиното источно подножје!

Но- да ги оставиме овие грешки. На ова место нема да дискутираме за нив. Сакам само во најкуси црти да ги повторам најбитните моменти врзани за прашањата, каде стоел стариот

---

[4]) Документацијата и наодите депонирани се во Градскиот завод за заштита на спом. на културата во Скопје.

[5]) Б. Бабиќ — И. Микулчиќ, Кале — Скопје, Археолошки Преглед АДЈ бр. 9/1967, Београд 1968, 48—50.

[6]) А. Дероко, Средњовековни град Скопље, Споменик САН CXX, Београд 1971, 3—16.

[7]) B. Babić, Die älteste Teilen der alten Burg von Skopje, Actes du VIIIe Congres UISPP, Tome III, Beograd 1973, 359—364.

[8]) И. Микулчиќ, Територија Скупа, Жива Антика XXI, 2, Скопје 1971, 480.

[9]) А. Дероко во н. д., стр. 6 и 7. Макар што му стоела на увид најновата документација која речиси и не е консултирана, ,,Извештајот" е составен на многу произволни комбинации, исто како и приложените скици-основи, со низа погрешни детали и нелогични реконструкции. Потоа, К. Балабанов во Туристичкиот водич низ Македонија, Скопје — Београд 1973, 100. Макар што и јас во истиот водич како еден од коавторите (на стр. 37) укажувам на точната хронологија на оваа тврдина.

[10]) А. Еванс, н. д., 24.

град и колкав обем имал, всушност, да се осврнам на градот од римската епоха, на градот од Јустинијаново време и на средновековниот предтурски град. Како синтеза на овие излагања прилежувам карти со сите елементи за кои тука зборувам.

Неодамна, пишував опширно за територијата на античкото Скупи. Во вториот дел на истиот приказ, детално ја разгледав положбата на градот, обемот (линијата на градските ѕидови) и развојот на градот во римската епоха.[11]) Од ова тука сакам да укажам само на следново.

Во предримската епоха, на подрачјето на денешно Скопје регистрирани се 3 утврдени населби (oppida) поставени на периферните ритчиња покрај Вардар и заштитени со одбрамбени ѕидови.[12]) Тоа се:

1. Опидум на местото на подоцнежната средновековна тврдина во центарот на Скопје (бр. 1 на сл. 1), истражуван е во 1967 година. Населбата била голема близу 2 хектара. Остатоците укажуваат на живот во текот на VI, V и IV век од ст. е. По ова, животот изгаснал целосно и наеднаш (уништување), без да се обновува повторно.

2. Опидум на заштитеното плато Градиште над с. Д. Нерези (бр. 2 на сл. 1). Големо е околу 2,5 хектари, извонредно сочувано, со многу богати површински наоди. Животот е потврден во распонот од VII до I век од ст. е. На почетокот на римската епоха, по сè изгледа, на местото на населбата се закопуваат умрените.

3. Северно од с. Злокуќани се издига Зајчев Рид со стрмно ј/з чело и тесно издолжено плато на врвот (бр. 3 на сл. 1, мрежесто шрафирана површина на сл. 2). И ова плато било опфатено со одбранбени ѕидови (големо над 4 хектари) и користено како опидум; тоа е трибало-дарданската населба Скупи[13]) во чие подножје ќе израсне римски град со истото име.

Во ј/и подножје на овој опидум откриена е некропола на домородците во која тие се закопувале без прекин од предримско време до длабоко во римската епоха. Токму преку оваа некропола (ја истражував во 1970 и 1971 година)[14]) дознаваме најмногу за античкото Скупи, посебно за почетоците на римскиот град. Бидејќи токму за тој почеток сите пишувале сосем произволно и далеку од вистината, еве неколку податоци и за ова.

---

[11]) И. Микулчиќ, н. д. во Ж. А., 473—480.

[12]) За ова опширно зборувам во трудот: Кон проблемот на предримското население во скопската котлина, Историја год. VII, 2, Скопје 1971, 171, 172.

[13]) За значењето на името „Скупи" како „настрешници, колиби", в. Ф. Папазоглу, Средњебалканска племена у предримско доба, Сарајево 1969, 192.

[14]) И. Микулчиќ, Скупи — Ист. некропола и ј/и градски бедем, Археол. Преглед бр. 12/1970, Београд 1971, 134—141; — истиот, Скупи — Ист. некропола, А. П. бр. 13/1971, 1973, 43—45; — Истиот, Antičko staklo iz Skupa, Arheol. Vestnik SAZU knj. 24, Ljubljana 1972 (1974) — истиот, Ранoримски скелетни гробови из Скупа, Старинар Н. С. XXIV—XXV, Београд 1972—73 (1974); — истиот, Доцноримски гробови од Скупи, Год. зборник на Филозофскиот фак. кн. XXVI, Скопје 1973—74.

Во времето на Октавијан Август (најверојатно 13—11 г. од ст. е.) двете македонски легии (V. Македонска и III. Скитска) се префрлени на теренот на новоосвоената Дарданија[15]) (оваа е под воен протекторат до 15 г. н.е., кога влегла во новоформираната провинција Мезија). Дел од војската бил стациониран некаде кај Скупи (односно тука). Ваков легиски логор досега не е откриен, меѓутоа формата на подоцнежниот град Скупи (во ј/з подножје на Зајчев Рид) одговара по формата и големината на еден ваков castrum (логор). Оваа најлогична претпоставка дека градот се развил од воениот логор, треба да потврдат натамошните ископувања. Откопаните гробови укажуваат во таа насока; имено, од времето на Август зачестено се среќава увезена луксузна стока (скапо сириско стакло, луцерни од Егеја — М. Азија, бронзени вази и огледала од Ј. Италија, резбарен ќилибар, стакло и др. од Аквилеја). Значи, трговците од Исток и Италија веќе се тука, околу војската. Зачудува и релативно висок стандард на домородците. Туѓи деловни луѓе се интересираат за локални инвестиции, пред сè за прочуените дардански рудници (олово-сребро, злато). Набргу сета војска била префрлена на Дунав, на границата на Царството. Во Скупи остануваат придојдените цивили — тоа се зачетоците на градот Скупи кој сега стана значајна точка на патот од Македонија кон Дунав.

Императорот Домицијан населил околу 84—86 година н.е. знатен број ислужени војници (главно од легијата VII Клавдија) околу Скупи, тука им доделил парцели од државна земја. Градот Скупи добил статус на колонија, највисок самоуправен ранг што еден град можел да посака (colonia Flavia Scupi). Сите предуслови за развој на еден вистински град биле со ова подготвени.

Колонизираните ветерани живееле на своите имоти насекаде во скопското поле. Тие тука, на своите имоти, и се закопувале, а од нивните надгробни плочи ја дознаваме и сета оваа историја. Други пишани документи нема. Тие потекнувале од далечните краеви, претежно од Сев. Италија, а и од Далмација и Истра, од Ј. Франција и дури од Шпанија. Меѓутоа, сите биле потполно романизирани, проткаени со војничка дисциплина и лојалност, способни тука да ја понесат цивилната управа.

А во самиот град, во Скупи, живееле оние што морале: занаетчии и ситни трговци, ситни градски службеници и градска сиромаштија, по некој од управните магистрати. И етничкиот состав на Скупи бил шарен: покрај малубројните Римјани, тоа биле претежно домородците и во голем процент хеленизирани

---

[15]) За померување на војската од Македонија на север последен пишуваше A. Mocsy, Gesellschaft und Romanisation in der römischen Provinz Moesia Superior, Budapest 1970, 49, 50, 69.

Ориенталци — од Сирија, од малоазиските области, од Егеја и соседна Македонија. Овие се погребувале одделно од домашните, по свои обичаи, а потврдени се во Скупи од времето на Флавијците па натаму.

* * *

Градот имал форма на правоаголник, со неправилен с/и крај — поради предримскиот опидум на врвот од ридот, кој сега служи како акропола на градот. Површината на целиот град изнесува преку 40 хектари. Градот е опфатен со силен одбрамбен ѕид; ј/и линија на овој ѕид сондирана е во 1970 година: ѕидот бил дебел 3,20 м. Надвор од градскиот бедем постоеле други препреки: од ј/з страна реката Вардар, од с/з страна мочуриште (денешен Шамак), а од северната, с/и и ј/и страна бил ископан широк одбрамбен ров (fossa) кој и денес се гледа на теренот (за сè ова в. сл. 2).

Од градбите во градот целосно е откопан само голем театар (од II век, изграден веројатно под Хадријан).[16]) Бидејќи сè уште не постои една планска долгорочна програма за истражување на Скупи, досега биле започнувани повеќе мали археолошки зафати на разни објекти кои не се завршени. Со прокопувањето на 2 рова за поставување на современи водоводни цевки преку теренот на целото Скупи (во 1957 и 1971 година) пресечени биле притоа голем број градби од рано и доцно римско време, така што и овие „ископувања" придонеле да се согледа внатрешната структура на градот (на планот 2: објектите *b*, *c* и *f* се богати приватни згради — првата со хипокаустен систем,[17]) а последната со убав мозаичен под; *d* и *e* се поплочени улици; *h* е голема градска бања, а *j* — голема базиликална градба откопана во 1967. и 1969. г. од М. Гарашанин). Сите овие градби имаат точно иста ориентација (ЈЗ—СИ, односно СЗ—ЈИ).

Околу градските ѕидини се ширеле гробиштата: голема источна некропола (на домашните и странците перегрини), помала југозападна некропола (на Италиците?); мали групи на гробови до с/з и северната периферија на градот (на сл. 2 — зони исполнети со точки). Околу градот, на различни далечини, откриени се и приградски вили, селски имоти, мали семејни гробишта на земјопоседниците и др. Да ги споменам и двата објекта релативно близу до с/з периферија на градот кои досега погрешно биле третирани како делови од градот. Тоа се:

---

[16]) За ова опширно кај Н. Вулић, Римско позориште код Скопља, Посебна изд. САН књ. 39, Београд 1961, 3—23, сл. 1—56.

[17]) За остатоците на оваа зграда, во време на првите сондирања (Н. Вулиќ и М. Кокиќ, 1934—35 г.), помислиле во прв момент дека се тоа „темелите на главната катедрална црква на првите скупски митрополити" (ова го соопштува само Р. Грујиќ во н. д., стр. 8);

— дел од една приградска вила (објект *k* на план 2), на 400 м. далеку од градските ѕидини, третирана како градска бања;[18])

— ранохристијанска црква (базилика) од IV век, опкружена со гробови (II—IV век),[19]) на јужната периферија на с. Бардовци (1.200 м. од ѕидините на Скупи; бр. 4 на карта 1). На ритчето над оваа црква и некропола се протегаат остатоците од римската населба на која ѝ припаѓале: по сè изгледа, тоа бил vicus Cavadinus. Некрополата и базиликата не му припаѓале на градот Скупи, како што досега се мислело.

Да споменам и дека во Скупи е уочена голема обнова, со нова квалитетна градба, во IV век н.е. Од исто време, во скупската источна некропола откопан е голем број гробови со готски и сарматски обележја. Ова е директна потврда дека и Скупи било вклучено во големото населување на Сарматите (околу 300.000 од денешен Банат) во балканските провинции под Константин I (во 334 г.).[20])

## II

Да се осврнам и на настаните од VI век. Ќе почнам со познатиот земјотрес од 518 година. Хроничарот Марцелин Комес, кој ни раскажува и за овој настан кога страдале 24 кастели — градови во провинцијата Дарданија, вели: „... И метрополата (= епископскиот стол) Скупи, без да му страдаат жителите кои избегале (пред тоа) пред непријателите (= варвари), до темел е разурнато".[21])

По оваа катастрофа нема повеќе вести за Скупи. Во црковно-правен поглед Скупи ќе го замени новоподигнатиот град Justiniana Prima (основан 535 година). Затоа е логично што многумината помислувале на преселување на Скупјаните во Јустинијана. Логично било да се заклучи дека пространата скопска котлина добила и во јустинијаново време еден градски центар. Прокопие од Каесареја, кој опширно пишува за градежната дејност на Јустинијан и набројува стотини нови тврдини-градови или обновени стари во средните и источните делови на Балканот, воопшто не го споменува Скупи. Наместо него имаме само исцрпен опис на новата убавица, Јустиниана Прва (De aedificiis, IV, 1,17). Зошто така, уште не знаеме. Но да видиме што ни кажуваат археолошките остатоци.

---

[18]) Ќ. Трухелка, н. д., ГСНД V, 1929, 78—80.

[19]) Р. Грујиќ, н. д., 5 и д.

[20]) Ова детално го анализирав во н. д. во Год. зборник на Филозоф. факултет, кн. XXVI, Скопје 1973—74.

[21]) Marcellinus Comes, In Chron., Ad Ann. 518;. . . Scupus namque Metropolis licet sine civium suorum hostem fugientium clade, funditus tamen corruit" (извадок од оригин. текст што го наведува А. Еванс во н. д., стр. 89, со коментарот).

Над урнатините на римското Скупи продолжува животот и во јустинијаново време, меѓутоа во сосем скромен облик. Населбата нема повеќе обележја на еден град. Всушност, Скупи почнало да губи градски обележја уште многу пред земјотресот. Во доцната антика градовите кај нас го менуваат од основа и својот обем и функциите и изгледот, со еден збор сè. Скупи, сместено во рамнина близу до магистралниот пат и лесно за освојување од секоја поголема варварска хорда, сега нема повеќе сили да се брани ниту да ги одржува долгите одбрамбени ѕидови што биле подигнати околу раноримскиот град. Жителите немале потреба ниту за толку голема градска површина (40 ха!) од која сега и десеттиот дел е сосем доволен. Тоа е општа појава во ова време, посебно согледана во источната половина на Царството. Се оформува тип на „мал рановизантиски град" — тоа се сега сите поранешни а и новоформирани градови, наспроти кои стои сосем мал број на „големи" градови.[22]) На Балканот тоа се само Цариград, Солун, Сирмиум и Салона.

За Скупи ова го потврдил и споменатиот Марцелин: Скупјаните немале сили да пречекаат на старите градски ѕидини една безначајна група варвари каква што била таа од 518 година, туку избегале во околните планини. Марцелин, исто така и другите писатели од ова време, употребува нов израз за град: тврдина-град или само тврдина. Ова впрочем го потврдиле и археолошките наоди насекаде во Царството. Нивната „големина" и значењето сега се ценат по нивната непрезем-ливост, во рамките на една стратешка позиција — на колку непристапно место се искачени, колкав број кули имаат, каков тип кули и градски порти, какви цистерни и други елементи од фортификациона техника пресудни за егзистенција во овие тешки времиња.

Значи, римското Скупи умрело поради изменетите услови и начинот на живеењето на крајот на антиката, а не од земјотресот во 518 година! Овој земјотрес само го прекинал живуркањето на населбата која не била повеќе град, ѝ помогнал да се ослободи од старата лушпа и забрзал преминување на една нова урбана форма, неопходна за натамошната егзистенција.

* * *

Како што веќе напред реков, Еванс и сите по него ја барале оваа нова урбана форма на местото на скопското Кале. Големината на оваа тврдина (2,3 хектари) би одговарала на новите потреби, меѓутоа не и нејзината местоположба; истата не е

---

[22]) Во најново време дадена е извонредна студија за овие прашања од Г. Л. Курбатов, Основные проблеми внутреннего развития византийского города в IV—VII вв. (Конец античного города в Византии), Ленинград 1971, особено поглавјата I (стр. 21—45) и II (стр. 46—79).

доволно безбедна за овие времиња. Последните ископувања ова дефинитивно го потврдиле. Да ги истакнам само најзначајните моменти од развојот на тврдината.

— Јустинијановски градби не постојат на Калето.

— Најстари зачувани остатоци од тврдината датираат од X век (на северниот крај — елипсести кули под кружните кули; партии на северниот и с/и ѕид под подоцнежниот ѕид на Василие II; делови од полигоналната ј/и кула која тогаш имала кружна форма; сектор XIV и други точки на јужниот бедем). Оваа најстара тврдина била разорена речиси целосно на преминот од X во XI век.

— Потоа, во XI век тврдината целосно се обновува над линијата на постарите остатоци и добива свој најмонументален изглед (распоред на кули, вовлечената северна порта, надворешната фасада обложена со големи блокови кои биле донесени од урнатините на Скупи).

— По бурните настани на крајот од XI век на тврдината биле посилно загрозени и делумно разорени северната и јужната страна. Комненовските градби, кои сега следат, најмаркантни се на тие места (нова четвртеста кула на с/з агол, делумно кули на јужниот ѕид, целосно секторите IX и XIV на истиот ѕид; бројни крпења и фугирање на многу места на тврдината). Тоа е маркантна „црвена фаза" од XII век, стратиграфски одлично потврдена на целата тврдина.

— Потоа следат помали обновувања во XIII и позначајни во XIV век. Од немањичките градби да ја спомена̄м „турнирската дворана" во с/з агол на градот, потоа новооформената јужна порта со околни кули и делови на ј. ѕид; потоа портата за излегање во фоса (за противнапад) во подножјето на с/и ѕид.

Да потсетам дека оваа тврдина е всушност средновековниот град Скопје со површина која за денешни поими е смешно мала. Од XIII век сигурно, а можеби и порано, бил оформен и „Долниот град" — мало подградие во подножјето на карпите покрај Вардар; на крајот од XIII век слушаме дека и тоа е заштитено со одбрамбен ѕид.

## III

По овие сознанија се наметнало прашањето: каде стоело јустинијановското Скопје? Јустинијан извонредно многу градел и обновувал. Можно ли е да ја оставил скопската област без едно ново и силно централно упориште? Варварските провали сега се толку честа појава, а патот од Подунавјето водел токму преку скопската котлина на југ — кон Македонија, Епир, Грција. Стратешки гледано, ваков пропуст никој не би дозволил. Затоа требало повторно да се почне со барање по јустинијановата тврдина-град некаде околу Скопје, на некое добро брането место.

На северните падини на Водно има неколку доцноантички кастели (бр. 5—7 на сл. 1). Еден од нив го привлече моето внимание со своите особености и големината. Лежи на високиот рид Маркови Кули (Маркова Круша) на источниот крај на Водно (висина ц. 565 м.). Со својата истурена положба доминира над многу широката околина. Северната падина на ридот е исклучително стрмна и непристапна, јужната падина и источното чело одвај нешто поблаги; само западното чело има лесен пристап, заштитено со природно длабоко седло.

Со ѕидови бил опфатен само „градот", на тесното плато на врвот, додека на источната падина, на неколку тераси, лежат остатоците од подградието. Топографско снимање на остатоците што се гледаат на површината, го започнав во последната зима. Поради обемот на урнатините и непристапниот терен, ова не го довршив, сепак приложувам скица на овој град во обемот колку што досега успеав да го премерам (план 3).

Градот (тврдината) е долг околу 400 м. Тој бил проектиран по една нова, однапред замислена концепција и на нова, ненаселена почва, а изграден наеднаш и од основа. Изненадуваат основните елементи на проектот: определени агли, определени парцијални должини и соодноси. Сето тоа ѝ беше наметнато на почвата која е стрмна и на места многу неудобна, така што барала низа отстапувања за време на изведбата на проектот.

Откриените остатоци бараат една обемна студија. Сега ќе истакнам само неколку маркантни елементи.

Градот е сместен терасесто, разделен во 3 степена кои меѓусебно се одвоени со одбранбени ѕидови и кули, а сепак поврзани во една целина. „Горниот град" е компониран симетрично, во форма на јустинијановски штит (слично на делтоид). Западниот врв, што се наднесува над споменатото седло, бил најсилно утврден: се потпира на масивен бастион — голема полигонална кула над која се издигала уште повисоката триаголна кула во вид на клун на кораб; оваа фантастична силуета воедно е и челото на целиот град.

Линијата на бочните ѕидови, на изглед чудно искршена, густо е потпрена со триаголни кули — пак со различни агли и сложен сооднос. Источната страна на делтоидот — внатрешниот ѕид е свртен кон Средниот град — има помали четвртести кули и внатрешна порта. Двете цистерни за вода кои и денес се гледаат на површината, откриени и сè уште до 6,5 м. длабоки, биле некогаш надсведени, со дебели слоеви на хидростатна изолација на ѕидовите во која се помешани илјадници керамички фрагмен-

и, а имале запремина од најмалку 2.100 $м^3$. Водата била доведувана во цистерните низ керамички тубуси чија траса делумно ште се гледа од двете страни на Горниот град. Преку седлото эдата можела да оди единствено преку висок аквадукт кој денес повеќе не постои.

Средниот дел, на големата зарамнета тераса, заштитен е од эвер со батерија од исти петоаголни кули, а од попристапната гжна страна со слог на петоаголни варијанти. Тука е сместена големата вовлечена порта бранета од истурени петоаголни и здолжени триаголни кули поставени симетрично и во полукруг. ,а споменам и дека растојанието помеѓу двете внатрешни порти знесува точно еден стадиј.

Третиот, најдолен и најисточен степен, најслабо е запазен. илна ерозија го разголила овој дел од градот и однесла цели пар- ии на градски ѕидови со кули, како и внатрешната архитектура.

* * *

Јустинијановската архитектура кај нас, со исклучок на неколу црковни градби, не е ниту начната. Проблемите врзани за неа е специфични. На пример, да ги споменам нашите кули со триаголна и петоаголна форма кои се толку ретки и необични во однос на нормалните" четвртести и нешто поретките кружни и потко- ичести. Се јавуваат речиси исклучиво само во VI век, со ретки еминисценции во наредните векови.[23]) Потоа, невообичаен е бројот а кулите на нашиот град кој стои далеку пред другите градови од ва време на потезот на Среден и Источен Балкан (со исклучок на олун и Цариград.[24])

---

[23]) Овој специфичен материјал го опфатил најцелосно С. Бобчев, Крепостните ули с издаден остр раб и значението им за укрепяването на античните градове, Известија на АИ кн. XXIV, Софија 1961, 103—145; потоа В. Велков, Исторически извори а крепостните кули с издаден раб, Известија АИ, истиот број, 147—151.

[24]) Колку ми е познато, досега не е составен целосен или колку-толку комплетен лбум на основите на доцноантичките градови од некој поширок регион. Од пионерките зафати на ова поле од пред еден век, кои се воедно и најобемни до денес, се работите на F. Kanitz, Römische Studien in Serbien, Wien 1892 (со над стотина снимени тврдени пунктови) и В. Шкорпил за бугарската територија од чијшто огромен албум ден дел прикажува D. Krandžalov, Sur le problème des influences orientales dans l'art ncien bulgare, Старинар Н. С. XIX, Београд 1968, 141—164 (на Т. I—XIV неколку есетини основи, надополнети со понови снимања), со посебен коментар за јустинијановските градби. Исто така и С. Бобчев во н. д., и сл. 3, 10—32, дава не мал избор на снови на градови со фортификација од VI век.

Потоа, нашата вовлечена порта, ретка и специфична творба од ова време, која има најблиска (иако не толку репрезентативна) аналогија со главната (с/и) порта на Царичин Град; инаку овој јустинијановски град сериозно е земен во комбинација за можното идентификување со Јустинијана Прима.[25]) Карактеристичен е и градежниот опус на нашите ѕидини. Замислената фортификационо-урбана концепција сепак најповеќе изненадува. Овие изненадувања треба да се очекуваат и натаму, до конечното согледување на изгледот на градот.

[25]) Међу многубројните прикази и извештаи за наодите од Царичин Град можеби најпристапни се: А. Дероко — Св. Радојчић, Откопавање Царичина Града 1947 г., Старинар Н. С. књ. 1, Београд 1950, 119—140 (и план 4 на стр. 122); потоа, Ђ. Мано-Зиси, О педесетогодишњици радова на Царичином Граду, Старинар Н. С. XV—XVI, 1964—65, 53—59 (и сл. 2); — Н. Петровић, О урбанизму Царичиног Града, Старинар ист број 61—66 (и сл. 2 и 4).